**ДНЕВНО ПЛАНИРАЊЕ**

**Час:** 6
**Датум:**
**Наставен предмет:** Работа со компјутери и основи на програмирањето
**Програмско подрачје:** Тема 2 – работа со текст
**Наставна содржина:** Цртање во документ
**Тип на час:** Обработка
**Цели:** Да се оспособи за користење на алатките од лентата за цртање
**Очекувани резултати:** Вметнува графички објекти во документ со помош на алатникот за цртање, вметнува текст со текст ефекти
**Место на реализација:** Училница
**Форми на работа:** Заедничка работа, индивидуална работа
**Наставни методи и техники:** Вербален – дијалошки метод, метод на усно излагање, метод на демонстрација
**Наставни средства:** Компјутери
**Следење и вреднување (методи, инструменти и индикатори):** Набљудување, чек - листа, вметнува графички објект

**ТЕК НА АКТИВНОСТИТЕ**

**Воведна активност:** Дискусија и демонстрација од страна на учениците – како се прикажува алатникот за цртање?
**Учечко – поучувачки активности:** Отвораме празен документ. За да внесеме едноставни форми во документот треба да е штиклиран алатникот за цртање кој се наоѓа во Приказ – Алатници, како на сликата.




Ако сакаме на пр. да нацртаме правоаголник:

1. го кликнуваме иконачето со правоаголник
2. се формира формата со кликање и влечење од горниот лев агол на формата до нејзиниот долен десен агол.

АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ: Цртаме правоаголник, а на сличен начин формираме линија, круг, ѕвезда и други произволни форми од овој алатник.
Забележуваме дека секогаш кога е селектирана форма, се појавува алатникот Својства на нацртаниот објект, преку кого можеме да менуваме својства на нацртаниот објект, на пр. пополнување на областа, тип и дебелина на линија, порамнување на нацртаните објекти и др.
АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ: Со помош на алатките во алатникот за цртање и со алатникот за својства на нацртаниот објект да се нацрта лик како на сликата:

obrazovanie.literatura.mk




За да внесеме текст применувајќи т.н. текст ефекти, треба да биде вклучен алатникот за цртање, се бира иконата за внесување ефекти со облик , се бира саканиот ефект и со двоен клик врз сликата се менува текстот.
АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ: Се отвора датотеката со песната „Патувај“ и се внесува текст ефект со текст „Патувај“, како на сликата:




**Активности за евалуација:** Дискутираме какви објекти може да нацртаме со помош на програмата OpenOffice Writer.

obrazovanie.literatura.mk